**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË**

**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

MEMBER OF fdi FDI World Dental Federation

**Бр. 02-1177/13**

Скопје, 19.12.2022 година

Врз основа на член 27 став 2 точка 14 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија *(Сл.весник на РСМ бр. 118/2021) и член 8 став 1 од Правилникот за* програмата за дополнителна обука и проверка на стручните знаења и способности на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата, составот на испитната комисија и начинот на спроведување на проверката (Сл.весник на РМ бр. 115/2017 и Сл.весник на РСМ бр. 217/2019), Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија, на својата 28-ма седница, одржана на ден **14.12.2022 година**, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**утврдување висина на трошоци за полагање испит за проверка на стручните знаења и способности**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува висината на трошоците за **полагање испит за проверка на стручните знаења и способности** на доктори на стоматологија на кои со решение привремено им е одземена лиценцата за работа, како и на доктори на стоматологија на кои привремено им е продолжена лиценцата за работа.

**Член 2**

Висината на трошоците за полагање испит за проверка на стручните знаења и способности изнесува:

-за доктори на кои со решение привремено им е **ОДЗЕМЕНА** лиценцата за работа..........**40.000,00** денари;

-за доктори на кои со решение привремено им е **ПРОДОЛЖЕНА лиценцата за работа,** и тоа:

-доктори кои **НЕ** го исполнуваат условот најмалку 60% од времето на важноста на лиценцата за работа да **работеле во дејноста** за која се стекнал со лиценца за работа или во стоматолошка здравствена заштита и **немаат соодветен број бодови** од континуирана стручна едукација.............................**40.000,00 денари;**

- доктори кои го исполнуваат условот најмалку 60% од времето на важноста на лиценцата за работа да работел во дејноста за која стекнал лиценца за работа или во стоматолошка здравствена заштита, но **немаат соодветен број бодови** од континуирана стручна едукација................................**27.500,00 денари;**

- доктори кои најмалку 60% од времето на важноста на лиценцата за работа НЕ работеле во дејноста за која стекнале лиценца за работа или во стоматолошка здравствена заштита, а имаат соодветен број бодови од континуирана стручна едукација...................................................................**12.000,00 денари;**

**Член 3**

По исклучок на член 2 од оваа одлука, членовите на Комората кои **поседуваат доказ дека во периодот на важноста на лиценцата се стекнале со соодветен број на бодови** согласно критериумите во Правилникот за КСУ (Сл. весник на РМ бр. 62/2017 и Сл.весник на РСМ бр. 217/2020), но **не поседуваат доказ за бодови од 2020 година** (немаат континуитет), за постапката од член 1 на оваа одлука **надоместуваат трошоци во износ од 12.000,00 денари.**

**Член 4**

Одлуката стапува на сила на денот на нејзиното донесување, а ќе почне да се применува од **01.01.2023 година.**

**Член 5**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, **престануваат да важат: Одлука бр. 02-1627/5 од 29.11.2017 г. и Одлука бр.02-580/2 од 20.05.2022 г.** донесени од Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија.

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**ИЗВРШЕН ОДБОР,**
**Претседател,**
**д-р Мирлинд Селими**

М.П.

___________________________